


Поимите „нација“ и „држава“ се две јасно разграничени нешта иако во новата историја на човештвото тие се врзани еден со друг.

Македонска нација

Орган на
ослободителниот
Комитет на Македонија

Год. I | Ноември—Декември 1971 г. | Бр. 6

# МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА И НЕЈЗИНАТА ДРЖАВНОСТ

Поимите »нација« и »држава« се две јасно разграничени нешта иако во новата историја на човештвото тие се сврзани еден со друг. Една нација може да постои без своја држава, а државата пак може да постои не само од една, туку од повеќе нации. Во многунационалната држава нацијата може да постои како »признаена« и како државотворен елемент, како тоа денес што е случајот со делот од македонската нација кој се наоѓа во рамките на југословенската федерација, или како непризнаена и национално поребена, како тоа што е случајот со другите два дела од нашата нација, кои се наоѓаат под бугарско и грчко владеење и ропство. Големиот француски теоретичар на националниот феномен Рене Жуано во своето знаменито дело »Принципите на националностите« наведува повеќе примери како во XIX век многу нации во Европа постоеле како »непризнаени« во рамките на една или на повеќе држави. Таков бил случајот и со полската нација која била разделена под три држави: Германија, Русија и Австро-Унгарија. Многу од овие нации кои во минатиот век биле »непризнаени«, па и »непознати« за многумина луѓе од европската и светската јавност веќе одамна се имаат еманципирино, вели Жуано, така да денес на светот се му познати како »стари« нации. Меѓутоа, во ова наше »еволуирано« европско општество, сеуште има неколку »непризнаени« нации, чија егзистенција се негира и се наоѓа во опасност, бидејќи се изложени на систематска денационализација. Тоа се пред се' мали нации чии национални тела во повеќето случаи се наоѓаат распарчени во границите на неколку туѓи држави. Таков е случајот со нас Македонците, со Баските и Ирландијците, а надвор од Европа, таков случај имаме со Курдите, кои се разделени во четири држави: Ирак, Иран, Турција и Сирија. Сите овие народи со својата борба за ослободување од странското ропство ја покажаа егзистенцијата на својата нација, но тие продолжуваат да бидат заборавени од светот најмногу затоа што со нив-

таа среќа да создат свои сопствени национални држави. Овој жалостен факт покажува дека ниеден народ не може вистински да се ослободи и да се вреди во редицата на слободните нации додека не создаде своја сопствена национална држава. Тоа дека националната еманципација на еден народ стои во тесна зависност од државната самостојност ни покажува незадоволството на некои »признаени« нации, кои се наоѓаат во федерации, но и покрај тоа што слободно го развиваат својот национален живот, се чувствуваат обесправени и експлотирани. Достатно е како пример за ова нешто да ги спомнеме Хрватите во Југославија, чие огромно мнозинство е убедено дека хрватската нација ќе може да дојде до вистинска слобода само во своја сопствена национална држава.

Меѓу малите нации на Европа кои водат борба за својата национална еманципација во ова наше време најмногу се зборува за Баските и Ирландијците. Разделени меѓу Шпанија и Франција, Баските имаат скоро иста судбина како нас Македонците, бидејќи и тие се изложени на асимилаторска политика, иако таа политика е спроведувана во многу поблага форма отколку онаа што се спроведува врз Македонците во Егејска и Пиринска Македонија. Историската судбина на Ирландијците има сличности со судбината на Македонците, но таа сепак се разликува во многу нешто. Сличноситте се состојат во тоа што и Ирландијците и Македонците се разделени така да еден дел од нив има своја национална слобода во своја сопствена државност, додека делови од нивното национално тело се наоѓаат во национална обесправеност под туѓи владеења. Дел од ирландската нација уште се наоѓа надвор од ирландската држава т. е. под власта на Велика Британија. Македонската нација само во нејзиниот Вардарски дел има своја национална државност, додека другите нејзини два дела се наоѓаат во национално обесправени под власта на Грција и Бугарија.

Разликата пак во судбината на Ирландијците и

тогаш и тие к'е мораат да им признаат национални права на Македонците, па и да се откажат од своето господство над Македонија, Софија и Атина тргнаа во офанзива против историјата — тие почнаа да негираат правото на индивидуален национален живот и на Македонците во Вардарска Македонија. Националистите од Атина почнаа светот да го заблудуваат како македонската нација е измислена од «славокомунистите» во една перфидна игра за заграбување на грчка «национална» територија. Софија пак почна да го заблудува светот со скроената лага дека македонската нација била измислена од српските комунисти, «србокомунистите», со цел да се денационализираат некакви македонски Бугари т. е. да се однароди една бугарска земја.

Денешните грчки и бугарски денационализаторски политики на терор во Македонија, како и нивните лаги и обмани во врска со македонската стварност во рамките на Југословенската Федерација, не можат а да не го засегнат секое чесно и искрено македонско срце, каде и тоа да се наог'а. На теророт на грчките и бугарските националисти Македонците одговараат со посилно национално сознание, со поздраво македонско чувство, а на лагите и клеветите со плодна организаторска и творечка дејност на духовно, културно и научно поле. Во тој сеопшт македонски национален подем живо учествуваат и македонските иселеници и емигранти во надворешниот свет, како и македонските нови печалбари што се на привремена работа во туг'ина, сплотувај'ки се во прв ред под топлото мајчинско крило на својата национална автокефална Македонска Православна Црква. Како одраз на тој национален живот на македонските иселеници, емигранти и привремените печалбари во туг'ина, се појавува и ова скромно списание чие име «Македонска Нација» кажува многу нешто за неговата програма. Нашево списание се издава со овие цели:

1. Заштита на националните интереси на целокупниот македонски народ;

2. Водење борба за извојување национални права и слобода на Македонците под Грција и Бугарија;

3. Припремување на терен за обединување на трите дела од распарчена Македонија во единствена македонска национална државна целина;

4. Да работи за побогат духовен, културен и политички живот на Македонците во ту'гина, и

5. Да ја шири во надворешниот свет вистината за Македонија и нашата македонска народност, разобличувајк'и ги при тоа лагите и клеветите што ги шират балканските националисти и империјалисти.

Името и целите на нашето списание јасно го [illegible] неговиот општ македонски национа-

погледи, идеолошки убедувања или парт
припадност. «Македонска Нација» нема да
ни антикомунистичко, ни комунистичко сп
ние. Списанието к'е биде надпартијно, една
рока македонска национална трибуна што
работи за постигање на македонско един
Ние Македонците во странство, како слоб
дел од нашата нација, тоа единство треба
постигнемо овде во надворешниот свет, бид
само така обединети во национално един
ние к'е можеме да му помогнеме на нашио
род во татковината да се ослободи од нацио
ното робување и да заживее слободен живо
своја обединета национална држава. Со п
гањето на нашето национално единство ов
туг'ина, ние к'е можеме во една иднина н
шата патриотска дејност да и' дадеме и ор
зирана форма во еден широк македонски н
нален фронт.

Издавањето на едно вакво независно н
нално списание во туг'ина не може а да
подигне кај читателите и прашањето: кој
зад оваа иницијатива? Во таа смисла к'е
многу шпекулации, злонамерни заклучоци и
дења. Нека има! Ништо од тоа. За добрите
злонамерните лу'ге без разлика на нивнат
ционална припадност ние подвлечуваме
иницијаторите и издавачите на ова списан
Македонци мег'усобно што се познаваат
од затворите на Југославија, Бугарија и Г
каде што лежеле за еден ист македонски н
нален идеал, или пак се познаваат повек'е
ни надвор во туг'ина како чесни и верни н
кедонската нација синови и борци. Во ова н
нална иницијатива и акција не' има од
три дела на распарчена Македонија. Макед
киот национален идеал обединува во ова и
јатива признаени политички емигранти,
ници и печалбари без разлика на боите на
ните паспорти.

Иницијаторите и издавачите на «Макед
Нација» на ова место особено нагласуваат
списанието е наполно независно и како
нема никакви врски со властите и режим
денешната Социјалистичка Република М
нија. Како Македонци, како деца на наша
кедонска нација, без разлика на тоа во к
од Македонија сме родени, ние со синовс
бов ја сакаме таа наша национална држа
радуваме на сите нејзини успеси и постига
економско, духовно, научно и културно
сме спремни ако затребе и со оружје во р
ја браниме. Нашето списание к'е дава по
на сите оние иницијативи и акции што к'е
спроведувани од органите и раководител
СРМ што се во полза на македонската
што се во корист на македонските интер
тоа како независно списание со јасно опре

и црковните институции во СРМ, како и со одделни нивни соработници. Поздравена к′е биде секоја нивна соработка на национален план во нашето списание. Особено мила к′е ни биде една соработка со Македонската национална црква.

Сега за сега, додека не се создадат подобри материјални услови, «Македонска Нација» к′е излегува двомесечно. Таа се печати исклучително со доброволните прилози од нејзините основачи и издавачи. Редакцискиот Совет и Издавачкиот Одбор апелираат кон сите македонски потриоти со претплатувања и штедри материјални прилози да помогнат «Македонск
ја» да почне да излегува месечно, или д
месечно. За таа цел, Издавачкиот Одбор
специјален Фонд за «Македонска Нац
своето помагање на овој Фонд макед
патриоти к′е овозможат «Македонска
почесто да ја имаат во свои раце, и шт
главно: да дадат свој прилог во национа
лободителната борба на својот македон
род.

*Од Издавачкиот*
*и Редакцискиот*